

# МОМЧИЛО ПЕТРОВСКИ - МОЦО

# MOMCHILO PETROVSKI - MOTSO

**УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ**

**ART GALLERY SKOPJE**

**16.04. - 06.05.1992**

**Скопје**



# МОМЧИЛО ПЕТРОВСКИ - МОЦО

# MOMCHILO PETROVSKI - MOTSO

издавач: уметничка галерија-скопје; одговорен уредник: драган бошнакоски; предговор: цветан грозданов; организација на изложба, биографија, библиографија и каталог: жарко този; превод на англиски: жанета станоевска, менка карапашовска; фотографии: ѓорѓи тричковски; ликовно обликување: жарко този, гашевски драган; графичка припрема: "скен поинт" ад. скопје; компјутерска припрема: дарко николовски; печат: "графопринт" - куманово; тираж: 400

publisher: art gallery - skopje; editor in chief: dragan boshnakoski; foreward: cvetan grozdanov; organization of the exhibition, biography, bibliography and catalogue: zarko tozi; translated into english by: žaneta stanoevska, menka karapashovska; photography: georgi trichkovski; lay-out: zarko tozi, gaševski dragan; graphic preparation: "sken point" ad. skopje; computer preparation: darko nikolovski; printed by: "grafoprint" kumanovo; copies: 400

Изложбата на Момчило Петровски што се презентира пред ликовната јавност е специфична по неколку свои белези кои го привлекуваат вниманието на стручњаците и на љубителите на уметноста. Имено, Момчило Петровски - Моцо, професор на факултетот за ликовни уметности во Скопје ги искаже ликовните можности на новиот материјал "Брестал" пред се во сликарството и графиката и со тоа да ги промовира ненасетените, исклучителни квалитети на тој материјал во ликовна функција.

Појавата на материјалот "Брестал" е тесно поврзана со истражувачката активност на Момчило Петровски - Моцо и за неговите тридецениски искуства со технологијата во ликовната уметност. Материјалот чија прва состојка е бречата од вулканското подрачје помеѓу Куманово, Кратово и Злетово, преставува предмет на научно - истражувачки проект на факултетот за ликовни уметности уште во 1988 година, а во неговото дефинирање, заедно со Моцо учствуваа и Петар Хаџи-Бошков, Анастас Арнаудовски и Б. Варлакова. Веќе се познати и искуствата на Петар Хаџи-Бошков со "Бресталот" во скулптурата.

Сосема е разбирливо што почетоците и првите импулси со овој материјал се врзани за Момчило Петровски - Моцо. Неговото познавање на античките и византиските техники и технологии во ликовната уметност датираат уште од педесеттите години кога постана член на првата конзерваторска екипа во Света Софија Охридска. Подоцна, конзерваторската практика го постави во улога да работи со археолошки екипи и раководи со истражувачко конзерваторски работи на значајни мозаични опуси на капитални споменици почнувајќи од Ефразиевата базилика во Пореч до Хераклеа, Стоби, Баргала, Радолиште и во Струмичките цркви Водоча и Вељуса. Во овие комплекси кои имаат угледно место и во светското културно наследство Моцо стекна најголеми познавања на техниката на мозаикот не само во Македонија и на Јадранското крајбрежје, туку и во сите варијанти во Медитеранот. Тогаш Моцо ги решаваше и прашањата сврзани за надомест на загубените мозаични површини и оштетувања, како и реконструкцијата на баптистериумите, и писцинните и олтарните прегради со соодветни плочи на стара пластика. Така отпочнува и размислата за идниот композитен материјал "Брестал" чии главни состојки се неметалите од подрачјето на Република Македонија. Уште во првата фаза, во шеесеттите години, новиот материјал е применет во реконструкцијата на синтроносот во Мородвис. Со тој факт денес веќе дефинираниот "Брестал" кој покажува извонредни својства на висока отпорност кон корозија, кон растегнување и повеќе конструктивни квалитети ќе може да биде прифаќан во заштитата на ликовните споменици од римскиот до доцниот византиски и словенски период без фактори на ризик. Бидејќи употребата на материјалите од овој вид немаат негативно дејство врз скулптурата, живописот и пред се на градбата на уметничките дела на старите епохи, "Бресталот" со своите предности може да надомести реконструкција на подови, керамички садови, мозаични делови, прегради и друг црковен ентериер.

Во историјата на уметноста, во самата ликовна постапка, познато е големото значење на техничко-технолошкаите фактори во сите видови на создавањето, од градителството до минијатурната илуминација на пергаментот. Една алтернативна компонента на ликовната историја е животот и развојот на техничките можности, во единство со животот на облиците. Овој предизвик не го одбегна ни Момчило Петровски - Моцо. Низ целата негова творечка биографија се оцртува и ангажманот на уметник меѓу археолози, историчари на уметноста и конзерватори. Во тој ангажман од кој имаше и има голема полза нашето ликовно наследство, уметничкиот интегритет на Моцо беше уште повеќе збогатен.

Сега се пред нас повеќе дела на сликарството, графиката и пластиката во техниката на "Брестал" низ кој се појавуваат сите предности на овој материјал. Но колористичките ефекти, благородноста на материјата, рељефното искажување, тактилните особини низ материјализацијата, префинетите графички нијанси, тоа е дело на ликовната имагинација и заложба на Момчило Петровски - Моцо. Тие го покажуваат неговото долго истражување на ликовниот говор на авторот кој што е епски, синтетичен, исполнет со архаични симболи и желба за монументални облици. Тоа е во исто време и програмска изложба на основата за искажување преку "Бресталот". Среќна констелацијата на приликите е тоа што авторот е уметник кој веќе создал автономни сликарски дела и што технолошките познавања се во целосна сообразност со познавањето на ликовните закони.

Новите можности на "Бресталот" во ликовната уметност и во заштита на спомениците го прифаќаме како придонес чие што истражување е во тек. Истапувањето на Момчило Петровски - Моцо е уште еден значаен чекор во промовирањето на ликовната димензија на "Бресталот" во повеќе уметнички видови од сликарството, графиката до пластиката. Овој смел истражувачки чин се темели на историската традиција на македонската почва секогаш отворена во натамошното збогатување со нови културни идеи и со проседеа на ликовната уметност.

Резултатите на Момчило Петровски - Моцо се дел на македонската културна отвореност, студиозност и истражувачка љубопитност заснована на историско ликовно искуство.

*Д-р Цветан Грозданов,*
*дописен член на МАНУ*

The exibition of Momchilo Petrovski that is presented to the fine art public, is specific with several features that attract the attention of specialsts and fine art fans. Namely, Momchilo Petrovski - Motso, a professor at the Faculty of Fine Arts in Skopje, used a new material "Brestal" in order to express his artistic potentials both in painting and graphics and in this way succeeded to promote the unknown, exceptional qualities of this material used for fine art purposes.

The appearance of the Brestal is connected to the research activity of Momchilo Petrovski - Motso and to his three decades long experience with technology of fine arts. The basic ingredient of this material is a nonmetalic substance taken from the volcanic area near the towns of Kumanovo, Kratovo and Zletovo. This substance has been studied scientifically at the Faculty of Fine Arts since 1988 and besides Motso, Peter Nadzi- Boshkov, Anastas Arnaudovski and B.Varlakova have taken parts in its defining. The experience of Petaer Hadzi-Boshkov with the use of Brestal for sculpture is already known.

But it is a well known fact that the beginings and the first impulses with this material belong to Momchilo Petrovski - Motso. His knowledge in classical and Byzantium technics and technologies of fine arts started in the fifties when he was a member of the first conservation team in the church of Holy Sophia in Ohrid. Later, his conservation experience enabled him to work with archeologisal teams on important mosaics and to manage research and conservation works on important monuments suchs as the Eufrazu's Basilica in Porec, the arceological sites of Heraklea, Stoby, Bargala, Radoishte and the churches of Strumica, Vodocha and Veliusa. These excavation sites take a respectible place in the worlds civilization heritage and working there Motso was able to learn a lot about the mosaic technic of the teritory of Macedonia, the Adriatic Coast and all the variants of Mediteranean countries. Motso had to find solutions for the lost mosaic surfaces and the demaged ones and also for the reconstruction of baptistaries, alter partitions with adequate tablets of old plastics.

This is the time when he starts thinking about the future Brestal, a composed material of nonmetals from the teritory of Macedonia. In the time of the first stage, in the sixtees, the new material was used for reconstruction of the syntronos in Morodvis. As a result of this, the Brestal is now defined as a material of extraordinary qualities of rust resistance, elasticity and other constructive qualities. These factors make this material acceptable for protection of monuments of Roman, Late Byzantium and Slavic periods without any risk. Due to the fact that the use of this material does not affect the sculpture or the painting and what is most important the structure of works of art of ancient times, Brestal may replace reconstruction of floors, mosaic parts, partitions or other church enteriors. When it comes to the very procedure of artistic creation, it is a wellknown fact that the factors of techics and technologies are of great importance with all sorts of creation, starting with construction of buildings and up to the miniature illumination of parchment.

The life and development of technical possibilites present an alternative component of art history acting together with the life of shapes. Momchilo Petrovski -Motso did not avoid this challange. His creative biography shows his work among archeologists, people who work with history of art and conservationsits. These engagments of Motso enrich our artistic inheritance but also the artistic integrity of Motso himself.

Now before us stand numerous works of painting, graphics and plastics done by use of Brestal and they show all the priorities of this material. The coloring effects, the worthy material, the relief expression, the touchable qualities of materilization, the refined graphic shades, are works of the artistic imagination and efforts of Momchilo Petrovski - Motso. They show his long time examined artistic spaech which could be called epic, synthetic, full of archaic symbols and tendency to monumental shapes. In the same time this is an ehibition of the purpose of expressing through Brestal. Fortunately, this artist has done autonomus paintings and his knowledge in technologu is conditioned by nis knowledge of fine art laws. The new potential of Brestal in fine art and protection of monuments could be accepted as a controbution whose testing is in duration. The exibition of Momchilo Petrovski - Motso is another step for promotion of the artistic dimension of Brestal, used in various kinds like painting, graphics and plastics. This brave act of research is based on the historic tradition of Macedonian soil to be open for enrichment with new cultures and ideas. The results of Momchilo Petrovski - Motso are part of Macedonian cultural opennes, studiousness and curiosity based on the historic artistic axperience.

*Doctor Cvetan Grozdanov,*
*corresponding member of Macedonian Academy of Science and Arts*









## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

1. **ПЛАТНО И ЅИД, 1991/92**
**CANVAS AND WALL**
масло на брестал, 126 X 114
сигн.д.д. према средина со сопствен печат

2. **ЧЕТИРИ ПОРТАЛИ, 1991/92**
**FOUR PORTALS**
масло на брестал, 4 X 197 X 98
сигн.горе средина со сопствен печат

3. **ФОСИЛ I, 1991/92**
**FOSSIL I**
масло на брестал, 154 X 103
сигн.д.д. со сопствен печат

4. **ФОСИЛ II, 1991/92**
**FOSSIL II**
масло на брестал, 134 X 133
сигн.средина со сопствен печат

5. **ФОСИЛ III, 1991/92**
**FOSSIL III**
масло на брестал, 133 X 133
без сигнатура

6. **ФОСИЛ IV, 1991/92**
**FOSSIL IV**
масло на брестал, 156 X 89
сигн.средина доле со сопствен печат

7. **ОРНАМЕНТ I, 1991/92**
**ORNAMENT**
масло на брестал, 132,5 X 133
сигн.д.д. со сопствен печат

8. **ФОСИЛ V, 1991/92**
**FOSSIL V**
масло на брестал, 130 X 130
сигн.средина со сопствен печат

9. **АНТИЧКИ ЕНФОРМЕЛ I, 1991/92**
**ANNTIQUE ENFORMEL**
масло на брестал, 96 X 80
сигн.д.д. со сопствен печат

10. **ПО ПРИМЕРОТ НА ПОМПЕЈА,1991/92**
**UNDER POMPEA PATTERN**
масло на брестал, 147 X 100
сигн.доле средина со сопствен печат

11. **ФОСИЛ VI (ТРПЕЗА), 1991/92**
**FOSSIL VI (DINING ROOM)**
масло на брестал, 132 X 136
без сигнатура

12. **АНТИЧКИ ПОД, 1991/92**
**ANTIQUE FLOOR**
масло на брестал, 180 X 180
сигн.средина со сопствен печат

13. **РОЗЕТА, 1991/92**
**ROSETTE**
масло на брестал, 88 X 68
сигн.д.д. со сопствен печат

14. **ФОСИЛ VII, 1991/92**
**FOSSIL VII**
масло на брестал, 180 X 180
сигн.д.л. со сопствен печат

15. **АНТИЧКИ ЕНФОРМЕЛ II, 1991/92**
**ANTIQUE ENFORMEL II**
масло на брестал, 98 X 80
сигн.средина со сопствен печат

16. **ФОСИЛ VIII, 1991/92**
**FOSSIL VIII**
масло на брестал, 160 X 90
сигн.доле средина со сопствен печат

17. **БЕЛ ФОСИЛ, 1991/92**
**WHITE FOSSIL,**
масло на брестал, 126 X 114
сигн.д.л. со сопствен печат

18. **КОРАЛИ, 1991/92**
**CORALS**
масло на брестал, 95 X 80
без сигнатура

19. **КАЛОН, 1991/92**
**KALON**
масло на брестал, 76 X 60
сигн.д.д. со сопствен печат

20. **ФОСИЛ IX, 1991/92**
**FOSSIL IX**
масло на брестал, 77 X 60
сигн.средина со сопствен печат

21. **КОСМОС, 1991/92**
**COSMOS**
масло на брестал, 72 X 60
сигн.д.л. со сопствен печат

22. **ВАРИЈАЦИЈА НА ИКОНА, 1991/92**
**VARIATION OF THE ICON**
масло на брестал, 62 X 57
сигн.средина со сопствен печат

23. **ЦРВЕНА СЛИКА, 1991/92**
**RED PAINTING**
масло на брестал, 83 X 68
сигн.д.л. со сопствен печат

24. **ЕКСПРЕСИЈА, 1991/92**
**EXPRESSION,**
масло на брестал, 34 X 31
без сигнатура

25. **ВИЗИЈА I, 1991/92**
**VISION**
масло на брестал, 46,5 X 40
без сигнатура

## ГРАФИКИ
## GRAPHICS

1. **ДЕРТ, 1990**
**DERT**
етканица на брестал,
70 X 50 (33,5 X 34)
сигн.д.д. М.Моцо

2. **ОРНАМЕНТ I, 1991/92**
**ORNAMENT I**
длабок печат на брестал,
100 X 70 (61 X 44)
сигн.д.д. М.Моцо 1991

3. **ОРНАМЕНТ II, 1991/92**
**ORNAMENT II**
висок печат на брестал,
100 X 70 (63 X 50)
сигн.д.д М.Моцо 1991

4. **ЕКСТАЗА, 1990**
**ECSTASY**
комб.техника на брестал,
70 X 50 (37,5 X 28,2)
сигн.д.л. М.Моцо 1990

## СКУЛПТУРИ
## SCULPTURES

1. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ I, 1991/92**
**NEVER AGAIN I**
брестал, 30 X 24 X 31

2. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ II,1991/92**
**NEVER AGAIN II**
брестал, 30 X 32 X 24

3. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ III, 1991/92**
**NEVER AGAIN III**
брестал, 44 X 32 X 26

4. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ IV, 1991/92**
**NEVER AGAIN IV**
брестал, 31 X 33 X 27

5. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ V, 1991/92**
**NEVER AGAIN V**
брестал, 38 X 21 X 24

6. **ДА СЕ НЕ ПОВТОРИ VI, 1991/92**
**NEVER AGAIN VI**
брестал, 54 X 54 X 30

## Момчило Петровски-Моцо

Роден 1936 година во Куманово. Академија за применета уметност завршил во Белград 1962 година, а специјалка на истата Академија завршил во 1964 година.
Член е на ДЛУМ од 1966 година.
Живее во Куманово а работи во Скопје како професор на Факултетот за ликовни уметности.
Адреса: ул. Моша Пијаде, 2/II-7, 91300 Куманово, тел: 27-676

### Самостојни изложби:

1966 – Работнички дом, слики
1980 – Бамберг, СР Германија, слики и цртежи
1987 – Куманово, Уметничка галелрија, графики
– Вараждин, Уметничка галерија, графики
1988 – Охрид, Дом на културата "Григор Прличев",графики
– Струмица, Дом на културата, слики и цртежи

### Групни изложби /избор/

1956 – Со група "Кумановци" излага во Куманово, Крива Паланка, Кратово и Рудникот Лојане.
1959 – Белград, Универзитетска изложба,
1961 – Белград, Универзитетска изложба,
1966 – Скопје, Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
– Штип, Изложба на ликовни уметници од Куманово, Уметничка галерија Безистен
1967 – Скопје, Нови Сад, Современо Македонско сликарство - млада генерација
– Белград, Трето Југословенско триенале на ликовната уметност
– Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија
– Скопје, Изложба по повод 15 години од ДЛУПУМ
– Скопје, Битола, Штип, Струмица, Куманово, Изложба на ДЛУМ
– Куманаово, Струмица, Вараждин, Врање, Изложба на ДЛУК
– Струмица, Ликовна колонија
– Токио, Меѓународна изложба
1981 – Скопје, ДЛУМ - цртеж, НУБ "Климент Охридски"
1983 – Вараждин, Изложба на ДЛУК
1984 – Скопје, Куманово, Штип, Битола, ДЛУМ-цртеж '84
1985 – Скопје, 40 години ДЛУМ, Уметничка галерија
– Скопје, Куманово, Штип, ДЛУМ-цртеж '85
– Скопје, Сликарство мал формат, Центар за култура и информации
1986 – Куманово, ДЛУК 20-та традиционална изложба, Уметничка галерија
– Скопје, Куманово, Штип, ДЛУМ - цртеж '86
– Скопје, 41 годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
– Скопје, ДЛУМ - сликарство мал формат, Работнички Универзитет
1987 – Скопје, Куманово, Штип, ДЛУМ - цртеж '87
– Куманово, ДЛУК 21 традиционална изложба, Уметничка галерија
1988 – Скопје, Тетово, Куманово, Штип, Струмица, ДЛУМ - цртеж '88
– Куманово, Современо Македонско сликарство
– Скопје, 43 годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
– Скопје, Штип, Куманово, 19 графичка изложба на ДЛУМ
– Скопје, сликарство мал формат ДЛУМ, Работнички Универзитет
– Струмица, Ликовна колонија
– Куманово, 22 традиционална изложба на ДЛУК, Уметничка галерија
– Белград, ДЛУМ слики, графики, цртежи и скулптури, Галерина на Дом на ЈНА
– Скопје, 22 графики од мапата на ФЛУ, Галерија Компас
1989 – Скопје, Аквизиции VIII, Музеј на современа уметност
– Скопје, Куманово, Битола, Штип, ДЛУМ - цртеж '89
– Скопје, 44 годишна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
– Скопје, сликарство мал формат ДЛУМ, Работнички универзитет
– Скопје, 20 графичка изложба на ДЛУМ, НУБ "Климент Охридски"
– Белград, Современа Македонска графика, Галерија УЛУС
– Горни Милановац, Прво биенале на Југословенска минијатурна уметност, Завичаен музеј
1990 – Скопје, Битола, Куманово, Струмица, Штип, 21 графичка изложба на ДЛУМ
– Битола, 7 триенале на современата графика во Југославија, Уметничка галерија
– Скопје, Изложба на професорите од ФЛУ, Галерија ГЛАМ
1992 – Скопје, I Зимски салон на ДЛУМ, Уметничка галерија

### Награди и признанија /избор/

1962 – Белград, Прва награда на Уметничка академија
1981 – Скопје, Откупна награда на НУБ "Климент Охридски"
1986 – Куманово, Прва награда за сликарство на изложбата на ДЛУК
1987 – Скопје, Награда за цртеж "Никола Мартиновски" на изложбата на ДЛУМ - цртеж
1988 – Куманово, Награда "11 Ноември"
Откупна награда на МАНУ за графика
1990 – Скопје, Откупна награда на НУБ "Климент Охридски" за графика
1992 – Скопје, Специјална награда на "Првиот зимски салон" на ДЛУМ

### Изведени дела /избор/

Белград, ,Коларчев универзитет, Витраж, 500 X 250 цм.
Загреб, ,Х.Т.В.,Таписерија, 300 X 150 цм.
Белград, 1989, Мозаик, Подарок од СР Македонија на град Белград, по повод одржувањето на Самитот на неврзаните земји
Скопје, 1990, Мозаик над порталот на црквата Св.Јован Крстител

## Momchilo Petrovski - Motso

Born 1936 in Kumanovo, Graduated at the Academy of Applied Arts in Belgrade in 1962. Completed post graduated studies at the same Academy in 1964.
Member of DLUM (Association of Macedonian Fine Artists) since 1966.
Lives in Kumanovo and works as a professor at the Faculty of Fine Arts in Skopje.
Address: Mosha Pijade 2/II - 7, 91300 Kumanovo, tel: 27-676

### One - man exhibitions:

1966 — Skopje, Adult Education Center, paintings
1980 — Bamberg, Germany, paintings and drawings
1987 — Kumanovo, Art Gallery, graphics
— Varaždin, Art Gallery, graphics
1988 — Ohrid, Cultural Center "Gligor Prlichev", graphics
— Strumitsa, Cultural Center, paintings and drawings

### Group exhibitions /choice/

1956 — Participated at the Exhibition with the Group "Kumanovci" in: Kumanovo, Kriva Palanka, Kratovo and at "Lojane" Mine.
1959 — Belgrade, University Exibition
1961 — Belgrade, University Exhibition
1966 — Skopje, Spring Exhibition of DLUM (Association of Macedonian Fine Arttists) Art Gallery
— Shtip, Exhibition of Fine Artists from Kumanovo, Art Gallery "Bezisten"
1967 — Skopje, Novi Sad, Macedonian Contemporary Painting - Young Generation
— Belgrade, Third Yugoslav Triennial of Fine Art
— Skopje, Aspects of Drawing in Macedonia
— Skopje, Exhibition organized on the occasion of 15 Years of DLUPUM (Association of Macedonian Applied Artists) Existence
— Skopje, Bitola, Shtip, Strumitsa, Kumanovo, Exhibition of DLUK (Association of the Fine Artists from Kumanovo)
— Kumanovo, Strumitsa, Varaždin, Vranje, Exhibition of DLUK
— Strumitsa, Art Colony
— Tokio, International Exhibition
1981 — Skopje, DLUM Drawings, National and University Library "Kliment Ohridski"
1983 — Varazdin, Exhibition of DLUK
1984 — Skopje, Kumanovo, Shtip, Bitola, DLUM - Drawings '84
1985 — Skopje, Fourty Years of DLUM Existing, Art Gallery
— Skopje, Kumanovo, Shtip, DLUM - Drawing '85
— Skopje, Miniature paintings, Cultural and Information Center
1986 — Kumanovo, The Twentieth Traditional Exhibition of DLUK, Art Gallery
— Skopje, The Forty one Annual Exibition of DLUM, Art Gallery
— Skopje, DLUM - Miniature Painting, Adult Education Center
1987 — Skopje, Kumanovo,.Shtip, DLUM - Drawings '87
— Kumanovo, DLUK - Twenty First Traditional Exhibition, Art Gallery
1988 — Skopje, Tetovo, Kumanovo, Shtip, Strumitsa, DLUM - Drawing '88
— Kumanovo, Macedonian Contemporary Painting
— Skopje, The Forty Third Annual Exhibition of DLUM, Art Gallery
— Skopje, Shtip, Kumanovo, The Nineteenth Graphic Exhibition of DLUM
— Skopje, DLUM - Miniature Painting, Adult Education Center
— Strumitsa, Art Colony
— Kumanovo, The Twenty second Traditional Exhibition of DLUK, Art Gallery
— Belgrade, DLUM - Paintings, Graphics, Drawings and Sculpture, Yugoslav Nattional Army Cultural Center
— Skopje, 22 Graphics from the Portfolio of Faculty of Fine Arts, Gallery "Kompas"
1989 — Skopje, Acquisitions VIII, Museum of Contemporary Art
— Skopje, Kumanovo, Bitola, Shtip, DLUM - Drawings '89
— Skopje, Fourty-forth Exhibition of DLUM, Art Gallery
— Skopje, Miniature Paintings of DLUM, Adult Education Center
— Skopje, The Twetieth Graphic Exhibition of DLUM, National and University Library "Kliment Ohridski"
— Belgrade, Macedonian Contemporary Graphics, Gallery "ULUS"
— Gorni Milanovac, First Biennial of Yugoslav Miniature Art, Zavichaen Museum
1990 — Skopje, Bitola, Kumanovo, Strumitsa, Shtip, Twenty - first Graphic Exhibition of DLUM
— Bitola, The Seventh Triennial of Yugoslav Contemporary Graphic, Art Gallery
— Skopje, Exhibitions from the professors at Faculty of Fine Arts, Gallery "GLAM"
1992 — Skopje, First Winter Salon of DLUM, Art Galelery

### Awards and Recognitions /choice/

1962 — Belgrade, First Award of the Art Academy
1981 — Skopje, Purchase Award of National and University Library "Kliment Ohridski"
1986 — Kumanovo, First Award for Painting at the Exhibition of DLUK (Association of Fine Artists from Kumanovo)
1987 — Skopje, Award for Drawing "Nikola Martinovski" at the Exhibition of DLUM Drawing
1988 — Kumanovo, Award "October II"
— Skopje, Purchase Award of MANU "Macedonian Academy of Science and Art" for Graphic
1990 — Skopje, Purchase Award for Graphic awarded by the National and University Library "Kliment Ohridski"
1992 — Skopje, Special Award of the First Winter Salon Exhibition

### Public Performances /choice/

Belgrade, Stained Glass Window in dimension of 500 X 250 cm, property of "Kolarchev" University
Zagreb, Tapestry in dimension of 300 X 150 cm, property of HTV Zagreb
Belgrade, 1989, Mosaic in dimension of 15 $m^2$ performed on the occasion of the Summit of Nonaligned Nations in Belgrade
Skopje, 1990, Mosaic install over the Portal of the

## Библиографија
## BIBLIOGRAPHY


*Паскал Гилевски*
Судир на светло и темно
Скопје, Нова Македонија, **17.04.1966**

*Глигор Чемерски*
Човекот во времето
Скопје, Вечер, 19.04.1966

*Марко Арсовски*
Солиден почеток
Скопје, Нова Македонија, **12.04.1966**

*Влада Урошевиќ*
Широчина и страст
Скопје, Нова Македонија, **12.03.1967**

*Марко Арсовски*
Доследна сликарска генерација
Скопје, Млад Борец, **27.04.1967**

*Паскал Гилелвски*
Во сенка на традицијата
Скопје, Вечер, **24.02.1979**

*Богдан Мусовиќ*
Синтеза на културното наследство
и на современиот израз
Скопје, Нова Македонија, **18.02.1979**

*Чедо Стефановски*
Болница за фрески и икони
Скопје, Вечер, **30.04, 1-2.05 1980**

*Соња Абациева Димитрова*
Динамична и плодна активност
Скопје, Комунист, **29.12.1980**

*Соња Абациева Димитрова*
Се поприсутни во светските галерии
Скопје, Нова Македонија,
**31.12.1980 / 1-2.01.1981**

*С./офија/ Ѓ./уровска/*
Наградата "Никола Мартиновски"
за Петар Мазев
Скопје, Нова Македонија, **9.12.1981**

*Т./ашко/ Ш/ирилов/*
Мазев награден за најуспешен цртеж
Скопје, Нова Македонија, **20.12.1981**

*Влалдимир Величковски*
Предностите на цртежот
Скопје, Нова Македонија, **20.12.1981**

*Владимир Величковски*
На изворот
Скопје, Нова Македонија, **12.01.1985**

*Аноним*
Излагаат членовите на ДЛУК
Куманово, Наш Весник, **12.12.1986**

*Борис Кукуњавски*
М-р Момчило Петровски
излагаше во Бамберг
"Изложените дела веднаш продадени"

*Д. Пејлиновски*
Прличеви беседи '88
Скопје, Нова Македонија, **5.02.1988**

*/Т.Ар./*
Културно-уметничка програма
од Куманово
Куманово, Наш Весник, **5.02.1988**

*Д.Пејчиновски*
Творец со универзален статус
Скопје, Нова Македонија, **6.02.1988**

*С.Г.*
Откуп на 19 ликовни дела
Скопје, Нова Македонија, **24.06.1988**

*Б.Б.*
Врачени 11- Ноемвриските награди
Скопје, Нова Македонија, **12.11.1988**

*Е.К.*
Мозаик и скулптура за Белград
Скопје, Нова Македонија, **22.08.1989**

*Аноним*
Подароци за Белград од СРМ
Скопје, Вечер, **24.08.1989**

*Р.Кузмановски*
Југословенските општини
го даруваат Белград
Скопје, Нова Македонија, **27.08.1989**

*Аноним*
Откупни награди за Петров
и Петровски
Скопје, Нова Македонија, **17.05.1990**

*Н.Ј.*
Графичка изложба на ДЛУМ
Скопје, Вечер, **17.05.1990**

*Софија Ѓуровска*
Отворен Зимскиот салон на ДЛУМ
Скопје, Нова Македонија, **30.01.1992**

*Софија Ѓуровска*
Ликовна галерија
Скопје, Нова Македонија, **5.02.1992**

*Софија Ѓуровска*
Време за потврдување на вредностите
Скопје, Нова Македонија, **5.02.1992**

СПОНЗОРИ:

**MARKETING UNION**
**BEOGRAD**

А. Д. ТИПО СКОПЈЕ

ЈУГОБАНКА–ЈУБАНКА А.Д.
СКОПЈЕ

"ГРАФОПРИНТ"
КУМАНОВО